# НИЕ МОЖЕМЕ ● AMEN SHAJ ● WE CAN!

ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ПРАВНИ ЕКСПЕРТИ ЗА ПРАВНО СОВЕТУВАЊЕ И УПАТУВАЊЕ/ЗАСТАПУВАЊЕ

Почитувани,

Здружение Национален ромски центар (НРЦ), Куманово објавува Барање за прибирање на понуди повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти да поднесат понуди со следниве содржински спецификации:

1. **Општи услови**

1.1 Набавувач на услуги ЗГ Национален ромски центар со седиште на ул. Доне Божинов бр.11/5, Куманово.

1.2 Предмет на барањето: **Прибирање пријави за ангажирање на правни експерти / адвокати за правно советување и упатување/застапување на жени и девојчиња жртви на семејно насилство и штетни практики**

1.3 Национален ромски центар го имплементира проектот „Кампања за превенција на насилство врз жени и семејно насилство во ромските заедници" во рамките на Регионалната програма на Европската Унија и UN Women „Спречување на насилството врз жените во Западен Балкан и Турција: Имплементирање на норми промена на ставови".

1.4 За потребите на проектот јавно го објавуваме ова барање преку својата интернет страница www.nationalromacentrum.org

Главна цел на проектот е жените Ромки, девојчиња, мажите и момчињата на заедничко и индивидуално ниво да имаат подобро разбирање и прифаќање на родовата еднаквост во 5 региони во земјата. Проектот се имплементира во Куманово, Кочани, Кичево, Штип и Прилеп.

1.5. Понудувачот треба да ги исполни следниве услови:

- Завршено високо образование- Правен факултет со минимум 240 кредити;
- Лиценца за работа за адвокат издадена од Адвокатска комора на РСМ;
- Минимум 3 годишно непрекинато работно искуство како адвокат со издадена лиценца од адвокатска комора на РСМ;
- Познавање на домашно и меѓународно законодавство и правни инструменти за заштита на жртви од семејно насилство;
- Минимум 3 годишно работно искуство со граѓански организации и/или минимум 1 година искуство со ромски граѓански организации, Роми/Ромки; и/или на прашања поврзани со Роми/ Ромки;

- Почитување на општоприфатена начела за професионална етика на адвокатура и Кодексот за професионална етика на двокатите во однос на странката и кон предметот;
- Познавање за Microsoft Office и обезбеден пристап до интернет;
- Дигитална писменост за користење на современи алатки за комуникација( Zoom, Blue Jeans и други).

**2. Пријава**

Понудувачот треба да достави :

- Работна биографија;
- Лиценца за работа за адвокат издадена од адвокатска комора на РСМ
- Копија од адвокатска легитимација
- Писмо за интерес со краток опис кој ќе докаже дека поседува соодветно знаење и искуство за спроведување на проектните активности;
- Примероци/референци од претходна работа за спроведени минимум 3 слични работни радачи во последните 5 години
- Изјава за минимум 3 годишно работно искуство во работа со граѓански организации и/ или минимум 1 година искуство во работа со ромски граѓански организации, Роми/Ромки; и/или на прашања поврзани со Роми/ Ромки
- Тековна состојба не постара од 1 година
- Понудена бруто цена за ден со патни трошоци за инфо сесија за правно советување а останати трошоци за преземање на дејствија по АТ

3. **Опис на позиција: Повик за ангажирање на правни експерти/адвокати за правно советување и упатување/застапување на жени и девојчиња жртви на семејно насилство и штетни практики**

Број на позиции:

- 3 експерти/адвокати за 5 општини (Куманово, Кочани, Кичево, Штип и Прилеп)
- Времетраење: во период од септември 2021 до јануари 2023 година.

**Работни задачи за потребите на проектот „Кампања за превенција на насилство врз жени и семејно насилство во ромските заедници"**

Ангажманот е со следниве резултати, задачи и одговорности

- Спроведување на проектни активности со жени Ромки, девојчиња, мажи и момчиња во координација со проектниот тим во 5 општини( Куманово,Кочани, Кичево, Штип,Прилеп);
- Правно советување на жените и девојчињата во смисла на кои локалните механизми се достапни и пристап до нив(Куманово,Кочани, Кичево, Штип и Прилеп);
- Пружање на бесплатна правна помош на жени и девојчиња во 6 општини (Куманово,Кочани, Кичево, Штип и Прилеп);

- Десет сесии за правно советување (2 во секоја општина) за жени кои бараат правна помош и заштита од родово базирано и семејно насилство и жени и девојки кои имаат потреба да разговараат за штетни практики кои влијаат на нивниот живот
- Составување на исправи за правни дела, составување на поднесоци за судски, управни и други постапки имајќи ги во предвид сите законски, подзаконски и меѓународни акти од областа на заштита на фундаментални човекови права,женски човекови права,насилство брз жените и пристап до правда;
- По потреба ќе патува во оштините вклучени во проектот, но и надвор од Северна Македонија доколку има потреба;
- Изработка и достава на месечни извештаи за спроведени активности и пополнет образец time sheet;
- Прифаќање и почитување на принципите и етичките вредности на организацијата;
- Комуникација и соработка со сите лица вклучени во проектот;
- И други работи за потребите на проектот;

Здружение Национален ромски центар со избраниот субјект ќе склучи договор за соработка. Адвокатот има право на награда и надоместок на трошоци за извршена работа во вршење на адвокатска дејност според Тарифата за награда и надоместок на трошоци за работа на адвокатите.

**Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

Критериум за избор на најповолен понудувач е квалитетотни личното искуство на понудувачот согласно бараните критериуми:

- Работна биографија- 30 поени
- Искуство и квалитет- 50 поени
- Понудена бруто цена со патни трошоци за инфо сесија -20 поени

**Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail) на следната адреса info@nationalromacentrum.org и ramadanovska@nationalromacentrum.org најдоцна до понеделник 23.08.2021 до 16 часот.**

Куманово 13.08.2021